**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403- 393/15**

**Скопје, 24.09. 2007 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА АЕРОДРОМ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Единицата на локална самоуправа Аеродром сметка на Органот за 2006 година кои се прикажани на страните од 15 до 17.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на Единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на општина Аеродром за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи, од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Кирил Тодоровски – градоначалник на општина Аеродром во 2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 14 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај, е планирана и извршена во периодот од 17.05 до 18.06. 2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива, и

- дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со писмо број 08-5351/1 од 14.08.2007 година примени се забелешки по Предходниот извештај - сметка на Органот на општина Аеродом од актуелниот Градоначалникот на општината. Истите се разгледани и е констатирано следното:

- забелешките на наодите од точките 10.1.1.;10.1.2.; 10.3.2.;10.3.3.; 10.4.1.;10.4.4. ; 10.4.5. ; 10.4.6. и 10.6.3. не се прифаќаат и наодите остануваат во Конечниот извештај од причина што истите имаат карактер на известување за преземени мерки со кое се потврдуваат нашите наоди .
- забелешките по наодите 10.2.1.; 10.2.3.; 10.3.4.; 10.4.2.; 10.4.7.; 10.4.8.; 10.4.9.;10.5.1.; 10.6.1.; 10.6.2. 10.6.4. и 10.6.6. не се прифаќаат од причина што на ревизијата не и беа доставени релевантни докази кои би влијаеле на промена на ревизорското мислење, и истите остануваат во Конечниот извештај.

Забелешките доставени од Советот на општина Аеродром со писмо број 07-92/1 од 06.09.2007 година не се предмет на разгледување од причина што истите се доствени по законски утврдениот рок.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 11.1. Систем на интерни контроли во процесите

#### 11.1.1. Процес на плаќање

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на безготовинско и готовинско плаќање, ревизијата констатира дека воспоставените интерни контроли не можат да спречат ризик од плаќање по некомплетна, неуредна и неликвидирана документација.
Причина за овие ризици е непостоењето на пишани процедури за движење на документацијата, упатство за благајничко работење, немање на овластен сметководител а нема назначено и лице за уредно ликвидирање на документацијата.
**Препорака:**
Градоначалникот да ги превземе следниве активности согласно законските прописи:
- да одреди одговорен сметководител на општината;
- да одреди лице (ликвидатор) кое ќе врши уредно ликвидирање на документите и ќе гарантира дека истите вистинито и реално ги прикажуваат сметководствените промени и трансакции;

- да изготви пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите во процесот на безготовинско и готовинско плаќање, контролата и движењето на сметководствените документи, како и воведување на материјална евиденција за набавката и употребата на материјалите и ситниот инвентар.

### 11.1.2. Процес на плати

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на исплата на плати на вработените во општина Аеродром ревизијата констатира дека и покрај воспоставениот систем на интерни контроли кај евидентирањето на присутноста кој гарантира дека нема да се извршат исплати на лица кои не се вработени или за деновите кога не се на работа, ревизијата утврди дека постои ризик од неоткривање грешки при пресметка на платите. Ова се должи на тоа што општина Аеродром нема пишани процедури и сегрегација на надлежностите во процесот на пресметка на плати.
**Препорака:**
Градоначалникот да донесе интерни процедури со кои ќе се обезбеди поделба на надлежности во делот на пресметката, контролата, исплатата и евиденцијата на платите во општината.

## 11.2. Неправилна примена на акти

11.2.1. Градоначалникот на Општина Аеродром има донесено поединечни решенија за доделување на службени мобилни телефони на дел од вработените со кои решенија поединечно е определен месечен лимит што се признава како расход на терет на општината. Во пракса овој лимит не се почитува од причина што не се врши запирање од платите на вработените за пречекорениот износ над дозволениот со решението. Ревизијата не беше во можност да го квантифицира износот кој треба да го надоместат вработените согласно донесените решенија, поради непотполна поткрепувачка документација, односно кон фактурите од Космофон не се приложени спецификации за поединечно направените расходи за секој мобилен тлефон. Непочитувањето на интерните акти и законските прописи придонесува за нелимитирани трошоци.
**Препорака:**
Да се обезбедуваат спецификации за трошоците за секој мобилен телефон и да се применуваат решенијата за висината на надоместокот за користење на мобилни телефони.

11.2.2. Во текот на 2006 година од средствата на општина Аеродром направени се расходи во вкупен износ од 2.038 илјади денари од кои:

- 1.449 илјади денари за набавка на учебници за ученици од основни училишта на територијата на општина Аеродром;
- 356 илјади денари за прослава на денот на општината, и
- 233 илјади денари за прослава на дочек на Нова Година .

Советот на општината нема донесено програми за реализација на активностите на општината за организирање на културни и спортски манифестации, дочек на нова година, прослава на денот на општината, набавка на бесплатни учебници за учениците во основните училишта од материјално загрозени семејства и слично. Општинската администрација има донесено само временски план на активностите, но не и финансиски план за дефинирање на видовите трошоци, износот на средствата, изворите од каде ќе се обезбедат, носители на активностите и слично.
Непостапувањето на органите на општината согласно ингеренциите предвидени во Законот за локална самоуправа и Статутот на општина Аеродром, создава услови за субјективно утврдување на потребните активности, нелимитирани трошоци и ненаменско користење на средствата на општината.

**Препорака:**
Градоначалникот и Советот на општина Аеродром да ги почитуваат и исполнуваат обврските предвидени со Законот за локална самоуправа и Статутот на општината со цел функционирање на општината и задоволување на потребите на граѓаните.

11.2.3. Исплатата на надоместот за регрес за годишен одмор, не е утврдена со Одлуката за извршување на Буџетот на општина Аеродром за 2006 година и покрај тоа на вработените им е исплатен надомест за регрес за годишен одмор. Ваквиот начин на работење создава услови за недефинирано право на исплата на надомест за регрес за годишен одмор и зголемени трошоци.
**Препорака:**
Одлуката за извршување на буџетот на општината да ги содржи сите надоместоци што им следуваат на вработените во износи предвидени согласно законските прописи и насоките дадени од Министерството за финансии утврдени со циркуларот за изготвување на буџетот.

### 11.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

11.3.1. За евидентирање набавката и давањето во употреба на материјалите и ситен инвентар нема утврдено сметководствена политика која треба да се применува во целиот пресметковен период, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Непримената на одредбите од претходно споменатиот закон и немањето на пишани процедури придонесува да не се изготвуваат приемници при приемот на материјалите и ситниот инвентар и испратници на основа требувањата од поoделните оделенија и служби на општината.
И покрај тоа што во општината има лице задолжено за ракување со материјалите, не евидентирањето на приемот и издавањето на материјалите придонесува да се нема увид во состојбата на истите и можност за ненаменско користење.
Ревизијата не дава препорака по овој наод од причина што во 2007 година општина Аеродром започна со материјална евиденција на набавките и издавањето на материјалите и ситниот инвентар.

11.3.2. Кај благајничкото работење постапувано е спротивно на Законот за платен промет и на одредбите за благајничко работење и ревизијата ги утврди следните неправилности:

- Советот нема донесено Одлука за утврдување на благајнички максимум;
- Благајничките извештаи не се изготвуваат редовно при секоја промена на состојбата во благајната, што е спротивно на одредбите за благајничко работење;
- Не постои совпаѓање помеѓу состојбата на благајната искажана во касовите извештаи и состојбата во главната книга за истиот период бидејќи искажаните состојби во благајната не се книжени во главната книга во износи на приложената сметководствена документација кон касовиот извештај;
- За настанатите промени во благајната и извршените книжења во главната книга не се изготвуваат налози за книжење за благајната. Документацијата која е приложена како доказ за набавките преку благајната не е предмет на финансиска евиденција. Трошоците по видови се искажуваат во моментот на подигнување на средства од сметката на Органот за износот на подигнатите средства. Ваквиот начин на евидентирање на трошоците не обезбедува нивна реалност и објективност и не може да се обезбеди следење на наменското користење на средствата.
- Сметкопотврдите кои се приложуваат како доказ за набавка добра или услуги често се формално неисправни поради следново:

- не е наведен називот на купувачот на доброто т.е услугата во случајов општина Аеродром;
- не содржат спецификација на набавеното иако со одлуката за извршување на буџетот на општина Аеродром предвидено е да се наведат купените артикли по видови.
- сите сметкопотврди се потпишани од градоначалникот , но на ниту една од нив не е наведено по кој повод и за што е извршена набавката;

Наведените неправилности придонесуваат за ненеаменско користење на средствата, нереално искажување на паричните средства во благајната и погрешно проценување на билансните позиции.

**Препорака:**

Ревизијата цени дека квалитетот на благајничкото работење значително ќе се подобри доколку општина Аеродром пропише акт за благајничко работење во склад со позитивните законски прописи.

11.3.3. Исплатите на парични средства од благајната по основ на аванси за службени патувања, за набавки на гориво и други добра и услуги и издавањето и користењето на Верна картиците, не се евидентираат како Побарувања од вработените за дадени аванси со едновремено задолжување на кореспондентна пасивна сметка што е спротивно на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Ваквиот начин на работење создава услови за ненавремено раздолжување на лицата кои подигнале аванси и нереално проценување на билансните позиции.

**Препорака:**

- Општината да донесе интерен акт со кој ќе се регулира начинот на користење на Верна картиците и кои лица имаат право на истите;
- Да се воспостави евиденција на средствата кои се исплатуваат на вработените по основ на аванси.

11.3.4. Програмата за уредување на градежно земјиште за подрачјето на општина Аеродром за 2006 година не содржи конкретни објекти со утврдена вредност кои ќе бидат предмет на инвестиции. Како резултат на ова постои можност од субјективно одлучување за тоа кои објекти ќе бидат предмет на градба и реконструкции. Секторот за комунални работи, урбанизам и заштита на животната средина нема изготвено и нема доставено - „Извештај за реализирање на програмата за урбанистичко планирање и уредување на просторот на општина Аеродром за 2006 година„ на разгледување и усвојување до Советот на општината. На овој начин уште повеќе се намалува транспарентноста во работењето на службите на општина Аеродром.

**Препорака:**

- Секторот кој ја изготвува и предлага годишната програма за уредување на градежно земјиште да ги утврдува објектите кои би биле предмет на инвестирање во конкретната година.
- Да се изготви извештај за реализација на годишната програма и да се достави до Советот со цел поголема транспарентност во работењето на општината.

## 11.4. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

11.4.1. За пресметка на платата на градоначалникот како основица се зема просечната исплатена плата во последните 3 месеци во 2006 година. Ова е спротивно на член 11 од Законот за изменување на Законот за плати и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Република Македонија каде децидно е наведено дека основица за пресметка на платата на градоначалникот претставува просечната исплатена месечна нето плата по вработен во Република Македонија за претходната година. Како ефект од неточно утврдена основица за пресметување на платата на градоначалникот, повеќе се исплатени 51 илјади денари од кои 30 илјади денари за нето плати, 5 илјади денари за

персонален данок и 16 илјади денари за придонеси од плата.
Ова е резултат на невоспоставени контролни механизми и погрешна примена на законските одредби.

**Препорака:**
Лицата задолжени за изготвување на пресметките на платите да извршат усогласување на основицата согласно законските прописи.

11.4.2. За дел од вработените во општинската администрација (шест лица од кои едно лице е државен службеник), надоместот за превоз од и до работно место се исплатува во износ од 1.400 денари. Исто така за лицата кои немаат статус на државни службеници се врши исплата на надомест за храна во износ од 2.800 денари. Овие исплати се во спротивност со утврдените износи во член 10 и 11 од Одлуката за извршување на буџетот на општина Аеродром за 2006 година, и спротивно на препораките содржани во буџетскиот циркулар за нивно утврдување согласно законот за извршување на Буџетот на Република Македонија. Како резултат на непочитување на претходно споменатите акти, повеќе се исплатени 36 илјади денари за надомест за превоз до и од работа и 53 илјади денари за надомест за храна.

**Препорака:**
Исплатата на надоместоците да се врши согласно износите предвидени во законските решенија и интерни акти.

11.4.3. Во текот на 2006 година советниците на општина Аеродром имаат донесено повеќе одлуки со ретроактивно важење (од 1 јануари и 1 јули 2006 г.) за утврдување различни надоместоци и тоа:

- за советниците:
    1. надомест за присуство на секоја седница,
    2. месечен надомест на патни трошоци,
    3. дневни трошоци за присуство на секоја седница,
    4. надомест за работа на седница на работни тела без оглед на одржани седници, за секоја комисија пооделно,и
    5. надомест на дневни трошоци без оглед на број на одржани седници за секоја комисија пооделно.
- за координаторите на советничките групи - месечен надомест за организирање на седници;
- за претседателот на советот - месечен надомест ;
- за советниците избрани да присуствуваат на склучување на бракови - месечен надомест;
- за градоначалникот - месечен надомест за учество, организирање и работа на седници на работни тела на Советот.

Вака утврдените видови надоместоци и нивните износи се во спротивност со членовите 45 и 100 од Законот за локална самоуправа.

Како резултат на законската неусогласеност на Одлуките за надоместоците на советниците (иако повеќе пати е укажувано и истите се поништени со одлуки на Уставен суд на Република Македонија кои Советот и понатаму ги усвојувал), од Буџетот на општина Аеродром незаконски повеќе се потрошени 3.890 илјади денари од кои 3.307 илјади денари за надоместоци и 583 илјади денари за персонален данок.

Иако со одлуки на Уставниот суд е укажано на незаконитоста и ништовноста на ретроактивното важење на донесените одлуки како и ништовноста на дејствијата по тие одлуки, советниците ги немаат вратено примените средства по основ на укинатите одлуки.

Врз основа на одлуките на Уставниот суд на Република Македонија, градоначалникот на општина Аеродром ги има вратено средствата кои му се исплатени по овие одлуки, а за советниците има донесено поединечни решенија за враќање на примените средства по кои во тек е жалбена постапка пред Министерството за локална самоуправа.

**Препорака:**
Незаконски исплатените средства од страна на советниците да бидат вратени, а советот да донесе одлука со која надоместоците на советниците ќе бидат во рамките на одредбите од член 45 и 100 од Законот за локална самоуправа

11.4.4. Ревизијата не се увери во објективноста и реалноста на расходите направени за време на патувањата на градоначалникот во земјата и странство во износ од 226 илјади денари, а поради следново:

➢ За патувањата во странство за градоначалникот,

- не се донесени решенија за патување во странство поради што не е можно да се утврди целта на патувањето, место каде ќе се патува, датум на патувањето и враќањето, видот на превозот што ќе се користи , дефинирање на носителот на трошоците за сместување и исхрана (општината или организаторот) и бројот на дневниците;
- по завршување на патувањето, градоначалникот не поднесува извештај за реализираното патување:
- сите патувања во странство направени се во денови на викенд или за време на државни празници;
- исплатените дневници за патувањата во Србија и Грција се во повисок износ од утврдениот согласно Решението за највисоки износи на дневници за службени патувања во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци;
- од средствата на општина Аеродром подмирени се трошоци за ноќевање од хотели во Врњачка бања (за две лица- носител на патниот налог е само градоначалникот), Велинград, Платамона.
- и покрај исплатените патни и дневни трошоци и трошоци за сместување, на терет на трошоците на општина Аеродром исплатени се дополнителни трошоци за угостителски услуги, сметки од фришопови и слично во износ од 64 илјади денари.

Ова е спротивно на одредбите од Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управат им се признаваат во тековни трошоци.

➢ За патувањата во земјата

Реализирани се патувања во Охрид во денови на викенд каде се направени трошоци за ноќевање за две лица а носител на патниот налог е само Градоначалникот, трошоци за угостителски услуги и друго.

**Препорака:**

- За патувањата во странство да се постапува согласно одредбите од Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци.
- За патувањата во земјата да се почитуваат одредбите од Законот за државни службеници и Одлуката за извршување на буџетот на општината.

11.4.5. Општина Аеродром има ангажирано лица за извршување на работи со кои има склучено договори за дело од 2006 година. На истите во 2006 година е исплатен износ на надоместок од 2,725 илјади денари за кој е пресметан и платен само персонален данок на доход. За времено ангажираните лица, надлежните во општината, почнувајќи од 23 април 2006 година биле должни да постапат согласно Законот за агенциите за привремени вработувања со што ангажирањето на овие лица ќе го усогласат со истиот. Непочитувањето на одредбите од наведениот закон има за ефект непресметани и неплатени придонеси и нереално искажани расходи во сметководството и Билансот на приходи и расходи за 2006 година.

**Препорака:**
Во целост да се применуваат одредбите од  Законот за агенциите за привремени вработувања.

11.4.6. Од средствата на општина Аеродром  неосновано потрошени се 51 илјади денари по основ на направени трошоци за набавка на храна и пијалоци за вработените лица во општината при нивните службени патувања во земјата и странство. Спротивно на член 9 од Уредбата за издатоците за службени патувања во странство, иако е обезбеден престој и исплатени дневници согласно Решението за највисоки износи на дневници за службени патувања и селидби  во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци, сепак признаени се трошоци за храна и пијалоци за време  на нивниот престој во странство.
Признавањето  расходи за набавка на храна и пијалоци за време на службени патувања е спротивно на одредбите и од  Законот за државни службеници.
Непочитувањето на законските прописи создава услови за зголемени трошоци, незаконски исплати и ненаменско користење на средствата.
**препорака:**
Градоначалникот на општина Аеродром да обезбеди услови за доследно почитување на законските одредби во делот на правилно утврдување на надоместоците што следат при патувањата во земјата и странство.

11.4.7. Без одлука на Советот на општина Аеродром  отворена е сметка во Стопанска банка АД Скопје за користење на ВИСА картичка, за потребите на  градоначалникот. Во текот на 2006 година од оваа сметка направени се расходи во износ од 122 илјади денари од кои 6 илјади денари за членарини, 39 илјади денари трошоци за репрезентација и 58 илјади денари за ноќевања, а  за направените расходи во износ од  19 илјади денари преку ВИСА картица од ТП„ Дора Класик“ службите на ревизијата не и презентираа документ од кој може да се види видот и намената на набавката што е спротивно на Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Непочитувањето на законските прописи придонесува за евидентирање на трошоци непоткрепени со валидна и комплетна сметководствена документација.
**препорака:**

- Советот на општина Аеродром да донесе соодветен акт за овластување на градоначалникот за располагање со средствата од сметката на Органот преку ВИСА картица, и ги утврди  висината и намената на средствата за кои ќе се користат.
- За направените расходи во износ од 19 илјади денари надлежните служби да преземат мерки за обезбедување на валидни документи.

11.4.8. Ревизијата не се убеди во објективноста на дел од расходите на ставката Други тековни расходи за износ од 467 илјади денари направени по основ на фактури и сметкопотврди за угостителски услуги од кои не е можно да се утврди за кого е услугата (гости од странство или домашни гости од други градови, институции), кој е корисник на услугата од општината и по кој повод истата е извршена.
Со анализа на документите приложени во касовите извештаи за извршените набавки во готово ревизијата ги утврди следниве состојби:

- потрошени се 114 илјади денари за угостителски услуги во денови на викенд и неработни денови,и
- потрошени се 82 илјади денари за набавка на разна стока( вина, парфеми, карти за концерти, наочари за сонце, чоколадни бонбони и слично) без да се знае намената за каде и за кого се истите набавени.

**Препорака:**
Надлежните служби на општина Аеродром да донесат соодветни интерни акти и тоа Правилник за регулирање на репрезентацијата и Правилник за подароци.

11.4.9. Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста за дел од расходите во износ од 7,926 илјади денари поради нецелосна документација, а кои се однесуваат на :

- ставката Други градежни работи во износ од 2,351 илјади денари
  - изградба на пешачки патеки во с. Лисиче од „Ексико ДОО“ во износ од 2.183 илјади денари на чија ситуација како инвестотор потпишано е лице кое нема добиено овластување од градоначалникот;
  - изведба на патека кај Дом за стари лица во нас. Аеродром од „фабрика Карпош“ Скопје во износ од 134 илјади денари поради фактот што за завршување на работите гарантира лице со договор на дело и несоодветна стручна спрема,
  - изведба на улица кај црква „Св. Илија“ од „Геинг ДОО“ во износ од 34 илјади денари,
- ставката Купување на мебел, опрема, возила и машини, во износ од 5,575 илјади денари
  - изградба на фонтани од „Тиверија“ - Скопје во износ од 3,652 илјади денари за кои на фактурите и на дел од градежните книги како потврдување дека работите се завршени се потпишува лице кое во општината е вработено како Помлад соработник за здравствена заштита, а на дел од градежните книги нема потпис од надзор и инвеститор;
  - изработка и поставување на урбана опрема - клупи, од „Метал инженеринг„ во износ од 924 илјади денари за кои на дел од ситуациите нема потпис од надзор, како и печат и потпис од инвеститорот;
  - изработка и поставување на урбана опрема-ископ на земја, набавка и вградување на бетон, изработка, транспорт и монтажа на 96 клупи од ДППУ „Кумит„, Скопје во износ од 999 илјади денари, за што градежната книга не е потпишана од надзор, приложени се повеќе примероци на една ситуација на која нема печат и потпис од градоначалникот, нема печат од изведувачот, а на местото инвеститор или надзор е потпишан вработениот Помлад соработник за здравствена заштита.

Лицето вработено во општината како Помлад соработник за здравствена заштита, нема овластување од градоначалникот да потпишува во име на општината што е спротивно на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа , ниту пак има соодветно стручно образование за да врши проверка на квалитетот на извршените градежни работи, што е спротивно на Законот за градење. Евидентирањето на расходи за кои доставената документација е нецелосна и непотпишана од овластени лица е спротивно на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и на Законот за градење и создава можности за зголемени трошоци, погрешно проценување на билансните позиции, а со тоа и до изготвување на нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

Надзорот над извршувањето на работите кои ги врши општина Аеродром да биде во согласност со одредбите од Законот за градење.

## 11.5. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба

11.5.1. Позициите Материјални средства и Извори на средства во Билансот на состојба на 31 декември 2006 година кои се проценетни поединечно во износ од 8,548 илјади денари се нереално и необјективно проценети и тоа:

- Спротивно на член 60 од Законот за Градот Скопје не е извршен делбен биланс помеѓу општина Аеродром и Општина Кисела Вода во законски предвидените рокови. Споменатите општини подолго време водат судски спор во однос на точно утврдување на побарувањата, обврските, материјалните средства што треба да ги добие општина Ародром;

- Не постои уредна аналитичка евиденција и картици за основните средства согласно одредбите од член 8 став 2 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 7 став 5 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Состојбите на набавната вредност и исправката на вредноста на материјалните средства се обезбедуваат од пописните листи. Неводењето на книга на основни средства доведува до немање на можност да се изврши усогласувања на сметководствената со состојбите утврдени со пописот.
- Вредноста на ставката Материјални средства во делот на подставката Градежни објекти е нереална и необјективна (на 31 декември 2006 година оваа позиција нема вредност). Истата е проценета во помал износ од 3,652 илјади денари а поради неевидентирање на расходите за изградба на фонтани во општина Аеродром. Неевидентирањето на материјалните средства е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
- За потребите на ЈП „Паркови и зеленило„ од средствата на општина Аеродром набавени се една тракторска и 3 моторни косилки за кои Советот на општината нема донесено одлука за нивно користење без надомест на определено време до една година од страна на ЈП „Паркови и зеленило„. Ова е спротивно на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа и на Статутот на општина Аеродром каде е наведено дека Советот одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината.

Во текот на ревизијата одделението за финансии воведе материјална евиденција на основните средства, така што ревизијата не дава препорака за алинеа 2 од наодот.

**Препорака:**

• Да се воведе пракса за евидентирање на сите капитални расходи на соодветните сметки за материјалните и нематеријалните средства и Државниот- јавен капитал;

• Доследно почитување на законите и интерните акти за надлежностите и ингеренциите на органите на општината во делот на располагање со средствата кои се имот на општината.

## 11.6. Ненаменско и незаконско користење на средствата

### 11.6.1. Ненаменско користење на средствата

11.6.1.1. Ревизијата не се убеди во наменското користење и располагање со возилото што општина Кисела Вода го дала на користење на општина Аеродром врз основа на решение 08-396/1 од 12.04.2005 година. За користење на ова возило не се користи налог за користење на возилото а Градоначалникот се задолжува со Верна картици за набавка на гориво за користење на истото.

Советот на општина Аеродром нема донесено акт со кој ќе се дозволи користење на службено возило од страна на градоначалникот за личен превоз од и до работно место. Користењето на имотот на општината без согласност од Советот е спротивно на член 36 од Законот за локална самоуправа. Непочитување на законските одредби придонесуваат за ненаменското користење на средствата и зголемени трошоци.

**Препорака:**

- Да се утврди потребата од користење на службено возило за личен превоз на градоначалникот, и
- Советот да донесе соодветни акти за регулирање на ова право.

### 11.6.2. Неправилна примена на Законот за јавни набавки

11.6.2.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки, ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки

(Сл.весник на РМ број 19/04, 109/05) и подзаконските акти од областа на јавните набавки и тоа:

- планот за јавни набавки не ги содржи вкупните потреби за набавки во тековната година, односно не ги содржи набавките од мала вредност согласно член 11 од Законот;
- Со решението за потребата на одделната набавка не се утврдува количината на набавката и износот на средствата потребни за реализација на набавката, спротивно на член 12 од Законот;
- Општина Аеродром како набавувач не води регистар за постапките за јавни набавки што е спротивно на член 17 од Законот;
- Комисијата при изработка на тендерската документација за Отворен повик и Ограничен повик – втора фаза не изготвува модел на договор, спротивно на член 36 став 6 од Законот и член 6 од Правилникот за задолжителни елементи на тендерската документација;
- членовите на комисијата за јавни набавки во постапката за јавни набавки, по отварањето на понудите не поднесуваат изјава во писмена форма за постоење или непостоење на конфликт на интереси, согласно член 21 од Законот;
- записниците од јавното отварање на понудите во втората фаза на ограничените повици не содржат известување за присутни овластени претставници на понудувачите;
- не е донесен интерен акт – Правилник за регулирање на начинот и постапката на набавките од мала вредност согласно член 72 од законот;
- општина Аеродром не води евиденција на набавките од мала вредност;
- без спроведена постапка за набавка од мала вредност извршени се набавки во износ од 642 илјади денари; (Прилог 1)
- договорите кои се склучуваат со изведувачите во најголем број случаи не содржат износ на инвестицијата,
- се склучуваат анекс договори без согласност од Бирото за јавни набавки.

11.6.2.2. Склучен е договор со Мега СКОП ДООЕЛ Скопје за доградба на три училници во ОУ Гоце Делчев с. Долно Лисиче на износ од 7.287 илјади денари. Завршната ситуација е на износ од 8.165 илјади денари односно има пречекорување од 878 илјади денари. За прчекорувањето не е направен анекс договор ниту пак е побарана согласност од Бирото за јавни набавки за да се оди со непосредна спогодба за дополнителните работи со истиот изведувач што е спротивно на член 66 и 67 од Законот за јавни набавки.

11.6.2.3. Склучен е анекс договор бр.05-2651 од 07.07.2006 г. со „МИ ДА МОТОРС ДОО“ Скопје со кој е набавена дополнителна опрема за возилото Форд фокус-(алуминиумски бандажи, предни светла за магла, патен компјутер, темпомат и кожен волан), за кој анекс не е побарана согласност од Бирото за јавни набавки спротивно на член 66 и 67 од Законот за јавни набавки. Направена е исправка на Отворениот повик бр.12/2006 за набавка на моторни возила за потребите на Општина Аеродром со забрзана постапка, со која исправка е предвидена друга опрема и тоа: клима уред, воздушни перничиња, серво управувач, централно заклучување и радио со ЦД, но не и за оваа дополнително набавена опрема.

11.6.2.4. За спроведената набавка за изведба на фекална канализација на Долно Лисиче крак 8, со ограничен повик 01/2006 во фазата на евалуација на понудите, комисијата извршила погрешно бодирање за гарантниот рок така што за понудениот гарантен рок од 1, 2, 3 и 10 години на сите доделила максимум бодови 5 предвидени во поканите за доставување понуди што е спротивно на Методологијата за претварање на критериумите во бодови. Со погрешното бодирање на гарантниот рок, комисијата неправилно ги намалила бодовите на „Конти Хидорпласт„ чија понуда е 4,372 илјади

денари, а ги зголемила бодовите на „Чингар Инжененринг„ со кого е склучен договор за износ од 5,253 илјади денари.

11.6.2.5. За избор на најповолен понудувач за реконструкција на улица „Симеон Кавракиров„ по ограничен повик 05/2006, склучен е договор со АД Гранит на износ од 2,432 илјади денари. Комисијата неправилно го избрала АД „Гранит„ за изведувач на работите поради следново:

- по извршената евалуација на 16 понуди, како најповолен понудувач е избрана фирмата „Дан-са трејд „ чија понуда е 1.357 илјади денари за што е донесено решение за избор број 05-2050/1 од 23.06.2006 година;
- на 29 06.2006 година добиено е известување од „Дан-са трејд„ за одделни цени кои се понудени во однос на денари/цм/ $м^2$ а не во однос на денари/$м^2$ како што е предвидено во тендерската документација.
- По исклучувањето на„ Дан-са трејд „и „МЗТ Ири“ која има иста понуда како „Дан-са трејд„, комисијата за јавни набавки склучила договор со „АД Гранит„ кој со евалуацијата е шесто рангиран.

11.6.2.6. Постапувано е спротивно на одредбите од член 65 од Законот за јавни набавки не е вршено избор на најповолен кандидат врз основа на утврдените критериуми, за носители на набавката бирани се повеќе кандидати а понекогаш и сите кои доставиле понуда. Склучувани се договори во кои цените во предмер пресметките кои се составен дел на договорите, се формирани од службите на општината и се повисоки од цените од најповолните понудувачите. (Прилог број 2).

11.6.2.7. Ревизијата не изразува мислење на законитоста на спроведените постапки за избор на најповолни понудувачи по ограничен повик 08/2006 - Изградба, реконструкција и одржување на јавни зелени површини поради тоа што на ревизијата не и беа обезбедени документите од втората фаза на набавката, решенија за предметот на набавка, понудите, записници од јавно отварање на понудите, извештај за евалуација на понудите, решение за избор на најповолен понудувач.

11.6.2.8. Спротивно на член 56 од Законот за јавни набавки извршени се набавки во износ од 699 илјади денари без да биде спроведена постапка со отворен повик, а се однесува на:

- Сместување и летување на наградени ученици износ од 220 илјади денари;
- набавени канцелариски материјали од „Тетрагон“ од Скопје во износ од 239 илјади денари и
- осигурување на службени возила и компјутерска опрема со „Кјуби Македонија ад Скопје“ во износ од 240 илјади денари.

Ваквиот начин на спроведување на јавните набавки е во спротивност со законот за јавни набавки, не обезбедува фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност, создава можност за необјективност фаворизирање на одредени фирми и не се создаваат услови за избор на најповолна понуда.

**Препорака:**

Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки и подзаконските акти од сите аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката.

12. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точките 11.4. е преценување на трошоците во Билансот на приходи и расходи за износ од 4.081 илјада денари и потценување на Вишокот на приходи над расходи за истиот износ, вкупниот ефект од изнесените наоди во точките од 11.5. е потценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2006 година во вкупен износ од 3.652 илјади денари.

13. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точките 11.4. и 11.5. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Органот на општина Аеродром на 31 Декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точките од 11.2. ; 11.3.; 11.4. и 11.6. кај Органот на општина Аеродром не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

15. Обрнуваме внимание во овој извештај, дека во однос на судските спорови што ги води општина Аеродром

- општината е тужена страна во судски спорови со правни лица по основ долг во износ од 11,498 илјади денари кои постапки се во тек;
- општина Аеродром заедно со општина Кисела вода е тужена странка од правни лица по основ на долг и надомест на штета во износ од 87,518 илјади денари , како и од физички лица по основ на експропријација и надомест на штета во износ од 457 илјади денари;
- општина Аеродром е тужител во спорови со општина Кисела Вода по основ на предавање во владение, парично побарување во износ од 26,896 илјади денари.

Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на општина Аеродром за годината која завршува со 31 Декември 2006 година.

16. Од буџетските средства на општина Аеродром потрошени се 8,437 илјади денари од кои за:

- доградба на училиштето „Гоце Делчев“ во с. Долно Лисиче - 8,165 илјади денари и
- за набавка на училишен мебел: професорски катедри, ученички клупи, школски табли, ученички и професорски столчиња - 272 илјади денари.

Градоначалникот нема донесено решенија со кои корисниците на буџетските средства ќе се задолжат врз основа на приложената документација да извршат евидентирање во својата сметководствена евиденција на соодветните конта за извршените градежни работи и набавената опрема што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Непочитување на законските прописи придонесува до нереално проценување на билансните позиции кај корисниците на средствата од буџетите.

**Препорака:**

Градоначалникот да донесе решенија со кои направените набавки ќе се евидентираат кај соодветните субјекти.

**17. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Органот на општина Аеродром во текот на ревизијата:**

**17.1. Корекции кај Билансот на состојба**

17.1.1. Извршено е евидентирање на Ситен инвентар во употреба во износ од 160 илјади денари поради што извршено е зголемување на позициите Ситен инвентар во употреба и Исправка на врдноста на ситен инвентар во употреба за што е приложен налог 0001 од 06.06.2007.

17.1.2. Извршено е зголемување на позициите Активни временски разграничувања и Примени аванси, депозити и кауции во износ од 5,080 илјади денари за наплатените

средства " во текот на 2005 и 2006 година од „Зам инжененринг по основ на надомест за уредување на градежно земјиште, за кој надомест Градот Скопје нема изготвено договор за регулирање на плаќањето.( налог 0001 орган 2007).

17.1.3. Извршено е намалување на повисоко утврдената вредност на ставката Исправка на вредноста на материјалните средства на ден 31.12.2006 за износ од 576 илјади денари, а поради примена на стапки повисоки од стапките предвидени со Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
Исправка е извршена и на позицијата Извори на средства. Корекцијата е извршена во налог за книжење бр.0000 и 0001 од 01.01.2007 година.

**Скопје 17.09.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**ОРГАН НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2006** | **2005** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 112,698 | 23,430 |
| **Вкупно приходи** | | **112,698** | **23,430** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 18,507 | 6,145 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 575 | 1,940 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 50,814 | 9,878 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 538 | 745 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **70,434** | **18,708** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 42,264 | 4,722 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **42,264** | **4,722** |
| **Вкупно расходи** | | **112,698** | **23,430** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **0** |

## ОРГАН НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања од вработените | 4.1.1. | 240 | 108 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 8,286 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **8,526** | **108** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 8,548 | 4,141 |
| **Вкупно постојани средства** | | **8,548** | **4,141** |
| **Вкупна актива** | | **17,074** | **4,249** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 2,059 | 0 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.3.2. | 5,080 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 1,147 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 240 | 108 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **8,526** | **108** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **4,141** | **-** | **4,141** |
| **Зголемување по основ на:** | **5,706** | **160** | **5,866** |
| Набавки | 5,706 | 160 | **5,866** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | **-** |
| Пренос од средства во подготовка | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| Расходување | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **1,299** | **160** | **1,459** |
| Отпис на капитални средства | - | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | | **-** |
| Амортизација | 1,299 | 160 | **1,459** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **8,548** | **-** | **8,548** |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 1405-393/24***
***Скопје, 20.11. 2007 година***

Врз основа на член 23 став 5, 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија („Службен весник на РМ„, бр 65/97………..70/06) , постапувајќи по добиениот Приговор по Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на општина Аеродром заведен под број 1404 – 393/23 од 24.10.2007 година, Заменикот главен државен ревизор го донесе следното :

## *Р Е Ш Е Н И Е*
## *по поднесен приговор на Конечен извештај*

1. Приговорот на наодите во точките 11.1.1., 11.1.2., 11.2.1., 11.2.3., 11.3.2., 11.3.3., 11.4.1., 11.4.2., 11.4.4., 11.4.5., 11.4.6., 11.4.7., 11.4.8., 11.4.9., 11.5.1., 11.6.1., 11.6.2.1., 11.6.2.2., 11.6.2.3., 11.6.2.4., 11.6.2.5. и 11.6.2.6. од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на Органот на Општина Аеродром **не се прифаќа.**

2. Решението по доставениот Приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор, претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во Годишниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## *О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е*

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на Органот на Општина Аеродром поднесен е приговор број 1404 – 393/23 од 24.10.2007 година од одговорното лице на субјектот, од г-дин Кирил Тодоровски Градоначалник на општина Аеродром.

Образложението за неприфаќање на одделни точки од приговорот е следното:

1. На наодот во точка 11.1.1. од Конечниот извештај, а кој се однесува на системот на интерни контроли во процесот на плаќање , **не е даден приговор**, туку известување за спроведување на препораката дадена од ревизијата дека е во тек изготвување на пишани процедури и преземени се дејствија за вработување на лице – одговорен сметководител.

2. Приговорот на наодот во точка 11.1.2. од Конечниот извештај, а кој се однесува на оценка на системот на интерните контроли кај процесот на исплата на плати на вработените во општина Аеродром, **не се прифаќа,** поради тоа што оценетиот ризик се однесува на неоткривање грешки во пресметката на плати поради немање на сегрегација на надлежностите, а не во делот за дневната евиденција на вработените.

3. Приговорот на наодот во точка 11.2.1. од Конечниот извештај кој се однесува во делот на неправилна примена на интерните акти, односно непочитување на решенијата за лимитирање на телефонските трошоци за користење на службени мобилни телефони, **не се прифаќа** , поради тоа што не се врши запирање од платите на вработените за пречекорениот износ над дозволениот со решението. Со приговорот не се доставени на увид спецификации за поединечно направените расходи за секој мобилен телефон, со кои би се потврдило дека месечниот трошок е во рамки на лимотот утврден со решението.

4. Приговорот на наодот од точка 11.2.3. од Конечниот извештај, а кој се однесува дека со Одлуката за извршување на буџетот не е утврден надомест за регрес за годишен одмор, **не се прифаќа,** од причина што во приговорот не се приложени нови докази како валидна документација која ќе го промени мислењето на ревизорот.

5. На наодот во точка 11.3.2. од Конечниот извештај, а кој се однесува на неправилностите кај благајничкото работење, **не е даден приговор,** туку известување за спроведување на препораките дадени од ревизијата кои ќе бидат предмет на разгледување во наредниот период.

6. На наодот во точка 11.3.3. од Конечниот извештај, а кој се однесува на немање на евиденција на верна картичките за гориво и нереално проценување на билансните позиции, **не претставува приговор,** туку известување за спроведување на препораките дадени од ревизијата.

7. На наодот на точка 11.4.1. по Конечниот извештај, а кој се однесува за исплатените плати на градоначалникот за 2006 година во повисок износ од утврдениот со законот, **не претставува приговор,** туку информирање за извршено усогласување во 2007 година по препораките по наодот, а кои немаат влијание на утврдената состојба во 2006 година.

8. Приговорот на точка 11.4.2. по Конечниот извештај, а кој се однесува на наодот за исплатените надоместоци за превоз од и до работно место и за надомест за храна за лицата кои немаат третман на државни службеници, **не се прифаќа,** поради тоа што се исплатени надоместоци за превоз од и до работа и надомест за храна во повисок износ од утврдениот со член 10 и 11 од Одлуката за извршување на буџетот за 2006 година на општина Аеродром.

9. На наодот во точка 11.4.4. по Конечниот извештај, а кој се однесува на неуверување во реалноста и објективноста на искажаните расходи за патувањата на градоначалникот во странство и во земјата, **не претставува приговор,** туку информирање дека се постапува по препораките на ревизијата.

10. Приговорот на наодот од точката 11.4.5. од Конечниот извештај, а кој се однесува на ангажирање на лица со договор на дело, **не се прифаќа,** поради тоа што со наодот не се оспорува ангажирањето на лица поради недоволен број на вработени, туку фактот што нивното ангажирање по договор на дело е спротивно на законските прописи.

11. Приговорот на наодот од точка 11.4.6. од Конечниот извештај, а кој се однесува на незаконски и ненаменски направените трошоци за храна и пијалоци за вработените при нивните патувања во земјата и странство, **не се прифаќа.** Иако е обезбеден престој и исплатени се дневници за патувањата во странство, како и дневници за патувања во земјата, признаени се расходи за набавка на храна и пијалоци за време на службени патувања што е спротивно на член 9 од Уредбата за издатоците за службени патувања во странство и одредбите од Законот за државни службеници. Приговорот не се прифаќа од причина што е постапено спротивно на законските прописи.

12. Приговорот на наодот на точка 11.4.7. од Конечниот извештај, а кој се однесува на исплатата од Виса картичка без документ (фактура), **не се прифаќа,** од причина што во приговорот не се приложени нови докази како валидна документација која ќе го промени ревизорското мислење. И во фаза на Забелешки по Предходен извештај и во фаза на Приговор по Конечен извештај се доставува спецификација и потврда за продажба, документи кои не обезбедуваат докази што е набавено и за која цел, туку само го потврдуваат плаќањето.

13. Приговорот на наодот од точка 11.4.8. од Конечниот извештај, а кој се однесува на неуверување во објективноста на направените трошоци за репрезентација, **не се прифаќа,** од причина што одговорното лице кај субјектот не достави дополнителни докази со кои ќе се оспорат утврдените состојби од страна на ревизијата.

14. Приговорот на наодот на точка 11.4.9. од Конечниот извештај, а кој се однесува на наодот за неувереност во одделни расходи поради тоа што документацијата е потпишана од лице кое не е овластено од градоначалникот и без соодветна стручна подготовка, **не се прифаќа,** поради тоа што наведеното лице се потпишува на местото за инвеститор, на градежни книги, има наведено дека работата е завршена, (дел од овие докумети немаат потпис од стручно лице-надзор). Лицето вработено во општината како Помлад соработник за здравствена заштита, нема овластување од градоначалникот да потпишува во име на општината што е спротивно на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, ниту пак има соодветно стручно образование за да врши проверка на квалитетот на извршените градежни работи, што е спротивно на Законот за градење.

15. Приговорот на наодот на точка 11.5.1. алинеја 3 од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор, а кој се однесува на неевидентирани градежни објекти - фонтани, **не се прифаќа,** од причина што е постапено спротивно на Законот за градење, Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници, а во фазата на Приговор по Конечен извештај не се доставени дополнителни докази со кои ќе се оспорат утврдените состојби од ревизијата.

16. Приговорот на наодот од точка 11.6.1. од Конечниот извештај, а кој се однесува за ненаменското користење на возилото преотстапено од општина Кисела Вода и располагање со истото од страна на Градоначалникот без акт од Советот на општина Аеродром, **не се прифаќа,** од причина што за користење на ова возило на ревизијата не и беа доставени документи, налог за користење на службено возило како би се потврдило користењето на возилото од страна на овластеното лице-возачот и од причина што градоначалникот се задолжува со Верна картици за набавка на гориво за истото возило. Одговорното лице на субјектот не достави дополнителни докази со кои ќе се оспорат утврдените состојби од ревизијата.

17. Приговорот на наодите од точка 11.6.2.1. кој се однесува на наодот дека при постапките за јавни набавки е постапувано спротивно на член 11,12,17,21, 36 став 6 и член 72 од Законот за јавни набавки, член 6 од Правилникот за задолжителни елементи на тендерската документација и неспроведени постапки од мала вредност за набавки во вкупен износ 642 илјади денари, **не се прифаќа,** од причина што во приговорот не се приложени нови докази како валидна документација која ќе го промени мислењето на ревизорот. За извршената набавка на фотокопирна хартија реден број 2 од Прилог 1, општина Аеродром достави фотокопии од Решение за утврдување на потреба од јавна набавка, Записник од отворање на понудите, Извештај за евалуација на понудите, Решение за избор на најповолен понудувач, Известување за извршен избор, без притоа да ги достави прибраните понуди од понудувачите.
За набавката на појачувачи и звучници реден број 12 од Прилог 1, општина Аеродром достави фотокопии од Решение за утврдување на потреба од јавна набавка, Извештај за евалуација на понудите, Записник од отворање на понудите, Решение за избор на најповолен понудувач, Известување за извршен избор без притоа да ги достави прибраните понуди од понудувачите. Сите документи се изготвени на 10.07.2006 година и фактурата за извршена набавка е со дата од 10.07.2006 година, поради што ревизијата не се убеди во законитоста на спроведената постапка.
Со доставените фактури за набавки на тонери, за набавка на канцалариски материјали, за набавка на знамиња и за набавка на бои и лакови само се потврдуваат наодите на ревизорите.

18. Приговорот на наодот на точката 11.6.2.2. од Конечниот извештај, а кој се однесува на наодот за склучен анекс договор за изведба на дополнителни и непредвидени работи на покривна конструкција на ОУ „Гоце Делчев“, **не се прифаќа,** од причина што за дополнително извршените работи не е побарана согласност од Бирото за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки за склучување на анекс договор.

19. Приговорот на наодот на точката 11.6.2.3. од Конечниот извештај, а кој се однесува на наодот за склучениот анекс договор за набавка на дополнителна опрема за возило Форд фокус, **не се прифаќа,** од причина што не е побарана согласност од Бирото за јавни набавки спротивно на Законот за јавни набавки. Кон договорот за набавка на возило, склучен е анекс договор за набавка на дополнителна опрема која опрема не е предмет на набавка со извршената измена на Отворениот повик бр.12/2006, каде е предвидена друга опрема. Во приговорот не се приложени нови докази како валидна документација која ќе го промени мислењето на ревизорот.

20. Приговорот на наодот од точка 11.6.2.4. од Конечниот извештај, а кој се однесува на наодот за погрешно бодување на гарантниот рок во понудите за изградба на фекална канализација Крак-8 во населба Ново Лисиче, **не се прифаќа,** од причина што за понудените гарантни рокови од 2, 3 и 10 години комисијата има доделено по ист број бодови наместо да изврши пресметка на бодовите согласно формулите наведени во методологијата. Понудените атести и сертификати за квалитет на материјалите го потврдуваат рокот на траење на истите, кој рок не може да биде помалку вреднуван од членовите на комисијата.

21. Приговорот на наодот од точка 11.6.2.5. од Конечниот извештај, а кој се однесува на пропустите во постапката за јавна набавка за реконструкција на улица „Симеон Кавракиров„ **не се прифаќа,** од причина што набавувачот постапил спротивно на член 52 од Законот за јавни набавки, не побарал од понудувачот писмено известување во кое ќе ги објасни причините за ниската цена од својата понуда, ниту пак ги исклучил понудите поради несовпаѓање со елементите во тендерската документација.

22. Приговорот на наодите од точка 11.6.2.6 кон Прилог 2 од Конечниот извештај, а кој се однесува на избор на изведувачи по втора фаза од ограничените повици, **не се прифаќа**, од причина што наведените констатации во приговорот се потврда на состојбите во наодите на ревизијата. Постапувано е спротивно на одредбите од член 65 од Законот за јавни набавки не е вршено избор на најповолен понудувач врз основа на утврдените критериуми, за носители на набавката бирани се повеќе кандидати а понекогаш и сите кои доставиле понуда. Склучувани се договори во кои цените во предмер пресметките кои се составен дел на договорите, се формирани од службите на општината и се повисоки од цените од најповолните понудувачите. Со Приговорот овластеното лице на субјектот не доставил дополнителни релевантни докази кои ќе влијаат на промена на мислењето на ревизорот.

**Заменик главен државен ревизор,**
**Благоја Илиевски**